**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од продолжението на Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 септември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во12,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 85-тата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата присуствуваат 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратнеици на Собранието и дека Собрнаието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Нацртот на амандманите, на амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

Има збор г-динот Јордан Бошков. (Не е тука)

Има збор г-дин Ѓорѓи Тодоров.

(Не е тука)

Има збор Александар Талевски. (Не е тука)

Има збор: Златко Стојменов.

(Не е тука)

Има збор г-дин Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Се откажувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот 1V. Претресот по текстот на Нацртот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

Ви предлагам да одиме натаму во претрес по другите амандмани, а гласањето да го изведеме наеднаш, кога ќе ги завршиме сите амандмани.

Дали се согласуваме?

(Се согласуваат)

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот V на Уставот на Република Македонија.

Молам кој бара збор?

За збор се јави г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Се откажувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе овој амандман ја регулира употребата на македонскиот јазик и употребата на јазикот на кој што зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Македонија, кој исто така се прогласува за службен јазик и неговото писмо.

Сметам дека вака како што е изготвен амандманот апсолутно не одговара на реалната состојба, па дури и на она што е запишано во рамковниот договор од причина што во подрачната единица каде што може да се употреби кој било од службените јазици и неговото писмо на било кој граѓанин кој живее во единицата на локална самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик во комуникацијата со подрачните единици на министерствата може да се употреби кој било на службените јазици и неговото писмо.

Овде дали се работи само за превод, тоа го консултиравме и во Уставната комисија, меѓутоа, не стои така децидно во извештајот од истата е дека првиот официјален јазик и службен јазик кој што е на територијата на Република Македонија, кој што важи за целата територија не е апострофирано дека сите документи прво ќе се издаваат на ова писмо а потоа на јазикот и писмото на националноста која што живее 20% во таа територија.

Сметам дека тоа треба да биде застапено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа со амандмани ќе се уреди.

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседател, дозволете накратко да ги изнесам нашите видувања по однос на амандманот 5 кој се однесува на измени на

членот 7 од Уставот на Република Македонија.

Должен сум да истакнам дека конструкцијата на овој амандман не соодветствува една коегзистентна правна норма и доколку добро се анализираат ставовите 2, 3, 4 итн,  од точката 1 од овој амандман ќе видите дека тие дури се во коализија, контрадикторност.

Мислам дека, барем од досегашната расправа од ниту еден пратеник не беше оспорено правото да се бара службена употреба на албанскиот јазик и повикувајќи се често пати на аргументите што ви смета преамбулата кога сите други прашања можеме да ги решиме како што треба и во сите димензии правата да се остваруваат, кога доаѓаме на конкретни решенија околу тие права тогаш настануваат проблеми, реструкции инт.

Оттука, ставот 2 кој го овозможува правото да освен македонскиот јазик има и друг службен јазик како начело и определба е формулиран меѓутоа, во наредните ставови тие го стеснуваат просторот, капацитетот органите и функцијата на употребата на службениот јазик кој согалнсо ставот 1 го овозможува амандман V.

Мислам дека непотребни биле сите овие комбинаторики да се утврдува понатаму во кои случаи, како итн, бидејќи самиот факт што се определува предлагачот освен македонскиот службен јазик да биде и јазикот кој го зборува 20% од населението е доволен и како таков ги решава сите ситуации. Но, Рамковниот договор е тој кој што е и тука не сакам да навлегувам, ниту имам намера со оваа дискусија да влијаам врз евентуалната промена на содржината на амандманот V, туку имав намера да изнесам некои видувања, да се разјасни дотолку повеќе во јавноста што значи содржината на амандман V кој често пати кај граѓаните не се толкува како што треба, или е недоволно јасен.

Мислам дека голема беше отстапката во смисла на тоа што содржината на амандман V во многу димензии оди на штета на секој друг јазик што мислам дека не е добро.

Најпрво, морам да истакнам дека со амандманот положбата на македонскиот јазик иако како единствен на цела територија службен јазик се зајакнува и со други примеси кои автоматски се подразбираат. Тоа е дека македонскиот јазик е единствен службен јазик во меѓународните односи, што значи во меѓународната комуникација и комуникацијата со странство.

Второ, македонскиот јазик останува единствен јазик, службен на целата територија, што не е случај со ниту еден друг јазик.

Трето, македонскиот јазик е единствен јазик кој самостојно без непосредно да биде употребен како службен јазик во органите на целата територија на Република Македонија.

И покрај сите овие определби кои за нас и не се спорни, туку како такви ги прифаќаме во натамошната разработка на овој амандман се стеснува начелната определба за постоење и на друг јазик како службен. Дотолку повеќе што функционалното стеснување на употребата на друг службен јазик е неприфатливо од било кој аспект, било научен, па ако сакате и политички. Може да се разговара за територијалниот аспект на протегање на употребата на одреден јазик, но во секој случај е неприродно функционалното односно како што имавме впрочем во минатото случаи кога во иста зграда ако една канцеларија припаѓа на локалната самоуправа имавме двојазичност, а во другата не само заради фактот што таа канцеларија не припаѓала на единицата на локалната самоуправа туку биле сместени службеници кои припаѓале на одредена подрачна единица на министерство односно Влада.

Бидејќи имаме претставник од страна на предлагачот сакам да му упатам забелешка за да во наредната фаза кога ќе бидат доставени предлог амандманите да се има во предвид да се придружуваме до дикцијата и до содржината на Рамковниот договор. Во таа смисла на две три места амандманот V не ја следи логиката дикцијата и смислата на формулациите што се дадени во Анексот А, од Рамковниот договор.

Имено, во ставот 1 од точката 1, се вели "било кој друг јазик што се зборува најмалку од 20% на населението", додека во текстот на амандманот стои "друг јазик", што не е исто.

Потоа, послендиот став, ставот после овој, стои "личните документи на граѓаните", а во рамковниот договор, Анексот А, во членот 7 стои:"кој било лични документи на граѓаните", или соодветно на македонскиот јазик ви било "секој личен документ", или "било кој личен документ што не е исто со формулацијата "и личните документи", затоа што ќе дојдеме во

ситуација да правиме таксативно елиминирање на документите кои се лични документи, кои можат да бидат двојазични согласно амандманот V, од Уставот на Република Македонија.

Затоа, апелирам до предлагачот да го следи начинот на формулација и дикција на текстот на рамковниот договор.

Во последниот став исто така е направена една инверзија на речениците, но инверзија која ја менува целосно смислата на амандманот односно на содржината на рамковнот договор.

Имено во рамковниот договор од точката 6, амандман на член 7 се вели "во единиците на локалната самоуправа каде што најмалку 20% од населенеито зборува одреден јазик тој јазик и неговото писмо ќе се употребува како службен јазик дополнително на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Додека предлагачот при формулацијата на амандманот V, во овој дел вели: "во единиците на локалната самоуправа јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо".

Мислам дека доволно е јасна инверзијата и толкувањето на ваквата формулација на оваа содржина дава сосема друга конотација и содржина при толкувањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Жарко Караџоски:

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас сакам да свртам внимание на ставот 4, од амандманот V. Истото тоа го истакнав и на седницата на Комисијата за уставни прашања, но во извештајот не го гледам како забелешка и затоа почувствував должност да го повторам она што и таму го искажав.

Во ставот 4, на текстот на нацртот на амандманот 5 стои:

"Секој граѓанин во комуникација со министерствата може да употребува еден од службените јазици и неговото писмо, а Министерството одговара на службениот јазик и писмото што го употребувал граѓанинот и на македонски јазик и неговото кирилично писмо".

Знаете што колеги? Под поимот "министерства" се подразбира поширок поим, се подразбираат и подрачните единици на министерствата. Според тоа оваа одредба што сега ја прочитав не соодветствува со одредбата утврдена во Рамковниот договор. Имено, во Рамковниот договор стои одредба во која се вели дека "кое било лице може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со главната канцеларија на централната влада". Значи, овде се прави разлика. Она што е договорено во Рамковниот договор не соодветствува и на подрачните единици. Таму е регулирано во однос на единиците на Локалната самоуправа додека при комуникацијата со Централната власт, Централната влада и органите мислам дека треба да стои одредба да биде по конкретизирана во смисла на тоа дека секој граѓанин во комуникација со министерствата да се стави:"со главната канцеларија при министерствата", за да се знае каде точно треба да се употребува вториот службен јазик. Инаку, како што е испаѓа дека во сите подрачни министерства ќе може да се употребува и вториот службен јазик, па може да се случи, на пример и во Источна Македонија, во Штип, или било каде кој ќе побара да го употреби јазикот, тоа подрачно министерство, таа единица да дава одговор на тој јазик.

Со оглед дека интенцијата во Рамковниот договор не е таква предлагам предлагачот да го има во предвид кога ќе го изготвува текстот и во секој случај да ја земе предвид и оваа забелешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, почитувани новинари, мислам дека не само Рамковниот договор туку и овој амандман воопшто не треба да се прифати бидејќи повторно нас во Република Македонија ни се прави еден голем експеримент. Со самиот поим "службен јазик", ние веќе ставаме брана во Република Македонија и го прекршуваме целиот устав во Република Македонија. Практиката во светот, или ако сакате уште поодредено овде на Балканот и во Европа, да земеме повеќе држави, сосема е нормално и сосема е природно да видиме дека службен јазик е на дотичната нација и на дотичната држава. Во Грција е грчкиот јазик, во Бугарија е бугарскиот јазик и да не продолжувам понатаму.

Овој експеримент од времето на колективизмот, што исто се правеше во Република Македонија не носи во една страшна и голема заблуда. Ако некој на

мала врата ни ја протурка флоскулата мултикултура, мулти-културна заедница, мултикултурно општество, навистина овде ниту важи, ниту држи, ниту може да биде употребливо. Која би било логиката ако оние едно такво решение зошто во сопствените земји не го увиделе дека е тоа толку практично и да си го пресадат на својата земја. Да речеме една Австралија. Нема по мултикултурна, по мултиетничка, по мултиконфесионална, по мултисекташка, итн. Зошто не воведат покрај англискиот службен јазик и некој друг. Или во САД, каде што само за прекратко време 50 милионско население од шпанското говорно подрачје бараше одредени права на тој план, ништо не добија. Зошто во една Канада не се прогласи за втор службен јазик Француским иако на времето кога се правеше референдум за употреба кој ќе биде службен јазик победи некој друг. Сакам да кажам дека и во САД, на времето и во Канада, таквото прашање оди на плебисцит. Вие овде си го прифаќаме многу едноставно. Дури сега ни кажуваат дека во амандманот V итн., претставникот на претседателот што ги иницирал овие измени треба уште повеќе да задлаби понатаму за да може тој службен, втор службен јазик да прави поделба во Република Македонија.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Мисла дека зборот "службен" треба целосно да се отфрли и треба да се почитува ставот на Бадентер. Тоа прашање треба да се решава со Законот за локална самоуправа. Никако во Уставот на Република Македонија. И, ако некој мисли дека само со попуштање ќе можеме да излеземе на крај, јас сум втор мандат, единаесета година ја следам оваа работа, единаесет години се расправаме со албанското прашање во РМ. Сите седници почнуваат и завршуваат со истите приказни. И на крај, мораме да заклучиме дека не бил крив тој што јал два зелници, туку тој што му дал два зелници.

Во овој случај, претседателот на државата треба да го повлече овој амандман и ние, како пратеници, најсовесно, најтрезвено треба малку да размислиме. Не може на едно парче земја, на еден двомилионски и нешто народ и со малцинства во Република Македонија да правиме ваква парцијализација што ќе не чини и административно многу скапо и ќе не чини понатаму за поделба на Република Македонија. И, гетоизација на одредени етнички групи. Ако овој процент од 20% го усвоиме, тогаш зошто да немаат право и сите други малцинства во Република Македонија да имаат право по сила на нештата да мораат да се групираат во одредена територија, во одредена месна заедница, во одредена изборна единица за да можат да го остварат ова право. Всушност, ние природно ќе ги натераме да се гетоизираат, да правиме сепарација во државата. На крајот, ќе имаме тоа што нема потреба да го имаме. Еден чаршав во кој не ќе се знае кој јаде, а кој пие. Ние до сега со ваква една работа, еве 11 година апсолутно назадуваме во Република Македонија и повторно со овој Договор, колку време ни одзеде и сите други закони чекаат на ред, ние и во иднина ќе се расправаме за истото прашање. Во светот е практицирано, докажано и решено ова прашање. Ние само треба практично да го спроведеме, според сите правила и норми и на Меѓународната заедница и според сите конвенции што ги има за малцинските права нема ништо да ни фали. Меѓутоа, ваквото попуштање, верувајте дека ќе не доведе до амбисот. Амбисот се гледа, меѓутоа мислам дека сите во тој амбис ќе загинеме иако мислиме дека сите ќе се спасиме и дека правиме соодветен мир. Нема мир каде не се знае кој е газда во куќата. Мора да се знае кој е газда во куќата. Иако имаме мултикултурни општества, практично Америка, Австралија, Канада таму, без да го познавате службениот јазик нема ниту работно место, нема унапредување, нема ништо. Врз основа на познавање на тој јазик се дава и документ.

Ако сакате појдете во Европа. Еве сега има распишано добар оглас во Герамнија за околу 2 илјади лица од областа на компјутерите. Проверете, пробајте, видете, ако не го знаете германскиот јазик дали можете да работите во Германија? Пробајте на друго место. Само во Република Македонија може се да успева. И овој вештачки експеримент мислам дека залудно го правиме проблемите останувaат. А, она што најмногу ме загрижува, службени јазици во една држава не можат да бидат два. Тој е еден и се знае како се остваруваат другите права во врска со учењето на мајчиниот јазик на малцинствата во државата.

Затоа ве молам, почитувани пратеници, сите кои мислите дека овој амандман води напред, подзастанете малку, ставете го прстот на умот, да видите дали сме на правиот пат или

правиме капитална историска грешка. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по текстот на нацртот на амандмнаот V на Република Македонија.

Отворам претрес по нацртот на амандманот VI на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор. - Има збор г-динот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, би сакал од овластениот предлагач или од колегите од правната струка, од уставно-правна, од законодавно-правна комисија објаснување во врска со овој амандман.

Вели "праведна и соодветна застапеност на граѓаните" и.т.н. Зборот соодветна можеби и можам да го разберам, меѓутоа што значи правична воопшто не ми е јасно. Колку што знам, во обичен закон не можат да стојат вакви одредници, недодефинирани, а камо ли во Устав на државава.

Втора работа, во врска со истиов амандман, сите зборуваме за партизација на државата и какви негативни последици има тоа по Уставот. Дали покрај партизацијата во Уставот ќе внесеме и етнизација, бидејќи никаде во амандманот не се спомнува стручност, квалитет и.т.н. Сметам дека треба да бидат внесени и овие квалитети во смисла на стручноста за извршување на одредени работни задачи. Ако тргнеме покрај партизацијата, ќе имаме и етнизација и навистина ќе имаме комплетен хаос само за да се задоволат првите две одредници "правична или соодветна". Се друго ќе биде неважно.

Според тоа, мислам дека сето тоа треба да се земе предвид, овде треба корекција бидејки терминот правично ништо не кажува.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, првично имам дилеми кому да се обратам, на предлагачот или на газдата?

Тоа треба да го разјасниме. Газдата не е тука, излезе надвор.

Имав многу да кажам, меѓутоа се обидувам да го дадам мојот придонес за решавање на овие проблеми што ги имаме неколку дена во Македонија и што некој вештачки ги создаде и ги создава.

До предлагачот имам една забелешка тој ќе треба да ја има предвид за наредантa фаза или крајната фаза, а се однесува на членот 8 од Рамковниот договор, ставот 3. Таму стои "рамноправна застапеност на лица кои припаѓаат на сите заедници во јавните органи на сите нивоа и во други области во јавниот живот". А во амандманот VI точката 1 е предложена правична и соодветна застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.

Затоа бараме од предлагачот да остане на тоа што е во Рамковниот договор, поради тоа што амандманот VI што е предложен од предлагачот, како сугестија до него, во наредната фаза да стои тоа што е во Рамковниот договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на нацртот на амандманот VI на Уставот на Република Македонија.

Гласањето ќе биде дополнително.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот VII на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? - Збор има г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, во врска со амандманот VII кој директно се однесува на членот 19 од Уставот каде станува збор за Македонската православна црква, мислам дека овој амандман е излишен и треба да отпадне. Ги почитувам сите верски заедници и религиозни групи кои живеат во Република Македонија, ова што се прави се прави голема историска неправда на црквата. Знаеме дека црквата беше тој елемент што го обединуваше македонскиот народ низ векови и што им пречи на пратеницive албанци ако членот 19 останеше како што е во Уставот. Мислам дека е непотребно и да не направиме уште една историска неправда кон црквата затоа што знаеме што се случуваше во изминатиот период. Педесетина години не беше призната, знаеме во периодот на едноумието што се случуваше. Добар дел од политичари сега ги крстат во црква. Знаеме дека им требаат

само да се сликаат со владиките и поповите за врем на изборите, а сега ќе дигнат два прста да се смени ова.

Се прави голема историска неправда и овој амандман VII треба да отпадне.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Г-дине претседателе, сосема со друга намера сакам два забора да кажам и за оваа точка.

Ги разбирам чувствата на македонскиот народ кон црквата и моите кон Исламската завдница не се помали. Но, албанците немаат против да биде тоа така прифатено, затоа што, како што рече г-динот, ние во дискусии секогаш се обраќаме. Што им пречи ова на албанците? Да се разјасниме, ништо не им пречи на албанците, само ние правиме промени кои одат во прилог на една внатрешна преобразба на државата во духот на западните вредности.

Ако е така, мислам дека и други држави, многу поголеми од Македонија, на пример Русија во Советот на Европа има проблем затоа што во својот Устав направил такво место за црквата што не е соодветно со некои стандарди и сега од неа бараат тоа да се симне.

Втора работа, мислам дека црквата и џамијата се многу важен фактор, но сепак мора да останат дел од цивилното општество.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Аце Сајковски.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Што се однесува до амандманот VII сакам да истакнам дека предлогот на Даневски да се остави постојниот, како што е во Уставот, од причина што низ историјата црквата е учесникот и одржувачот во создавањето на македонската држава. Тоа соодветствува на амандманот четири, истата таа заложба што беше да се остави синтагмата Македонски народ.

Од тие причини предлагам амандманот VII да се брише, да остане така како што е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Навистина не ги разбирам дискусиите по однос на забелешките по однос на овој амандман. Ако воопшто постои некоја срeќна и правична формулација, длабоку сум убеден дека е тоа токму амандманот VII, иако идеални решенија нема во правото, ниту ќе има. Не ги разбирам мотивите зошто пречи овој амандман кога во ништо не задира во МПЦ? Ги разбирам кога имаше забелешки кога имаше верзија да се избрише и името на МПЦ и без некоја посебна идентификација да се набројуваат верските заедници.

Се промени тој став, најдена е формулација во која стои и амандманот VII почнува со Македонската православна црква и се набројуваат и другите: Исламската верска заедница, Католичката црква и другите верски заедници и.т.н. и.т.н. Значи, намерата и забелешките не одат во прилог на тоа зошто ја нема МПЦ, затоа што неа ја има. Туку, пречи што и другите се додаваат.

Да не отворам понатаму расправа, ова е многу индикативно и ги разоткрива многуте задни намери на многу пратеници кои цело време ни продаваат демократија и широкоградост тука во Собранието. Ова е еден класичен пример како се сака другиот да го нема или да се потиснува или да се изрази доминација на едни врз други. Апсолутно амандманот VII ги запазува сите димензии на она што сега е МПЦ, со сиот респек и добро е што се најде друга формулација што е преточена во амандманот VII.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на нацртот на амандманот VII на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот VIII на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? - Има збор г-дин Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван претседателе амандманот VIII на Уставот на Република Македонија треба да се прецизира бидејќи овде зборува за образование на заедниците само до основно и средно образование. А од друга страна, во Раковниот договор веќе стои точката 6 каде за образованието, за употребата на јазиците стои, финансирање од страна на државата ќе се обезбеди високо образование на јазиците на кои што зборуваат најмалку 20%. Тоа значи ќе има високо образование на јазиците на заедниците. Ако не биде тоа во

Уставот, односно во амандманот VIII, ние понатаму ќе имаме проблеми како да се реализира ова. Барам да се прецизира како што е во амандманот XII. Таму е малку проширено, тоа што не стои е додадено и овде треба да се додаде тоа што стои во Рамковниот договор во интерес на појаснување на одредбата за образование.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на амандманот VIII на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот IX на Уставот на Република Македонија.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на амандманот IX на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот X на Уставот на Република Македонија.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на амандманот X на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот XI на Уставот на Република Македонија.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на амандманот XI на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот XII на Уставот на Република Македонија.

Молам, дали некој бара збор? - Збор има г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Само едно кратко укажување, мислам дека можеби и од технички причини испуштен е зборот "ќе" во точката 1 од амандманот XII, "Собранието ќе основа Комитет..."

**СТОЈАН АНДОВ:**

Забелешката е дадена. - Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на амандманот XII на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот XIII на Уставот на Република Македонија.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на амандманот XIII на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот XIV на Уставот на Република Македонија.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на нацртот на амандманот XIV на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амднамнот XV на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на нацртот на амандманот XV на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амднамнот XVI на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на нацртот на амандманот XVI на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот XVII на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на нацртот на амандманот XVII на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на нацртот на амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија.

Сега да се договориме. Овде не сме присутни во доволен број. Бидејќи е

ова важна работа пред која се наоѓаме ќе дадам пауза до 15,00 часот. Да дојдат сите, но да дојдат во доволен број, сите. после ќе продолжиме со седницата за референдум.

(Седницата прекина со работа во 12,50 часот.)

(По паузата). - Седницата продолжи со работа во 15,20 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа со Осумдесет и петата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Присутни се 84 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Текстот на Нацртот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

За збор се јави г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа го користам деловничкото право да се изјаснам како ќе гласам по овој, а во начело ќе кажам и за сите други останати амандмани, за да не одземам време на Собранието.

Нема да ја поддржам комплетно оваа фаза на донесување на промена на Уставот односно сите Нацрт-амандмани, особено не овој првиот аманман број IV. Тоа ќе го сторам од причина што гласав свесно за првата фаза, сметајќи дека ова Собрание усвојува еден Рамковен документ во кој што рамката е тука, а содржината и суштината ќе треба да ја утврдиме ние народните пратеници во ова Собрание како директни претставници на народот. Меѓутоа, целокупната расправа оди повеќе кон тоа навистина да не се усвои ниту точка ниту запирка, не само од ова Собрание, или пак евентуално од јавната расправа и повеќе ме наведува да мислам дека сето ова што се прави во Република Македонија повеќе наликува на една фарсична комедија на тоа што на еден договор кој што во суштина е политички, треба да му се даде правна форма и тоа низ институциите на системот, а во кој што директни учесници во историјата ќе бидеме ние народните претставници, конкретно во случајот јас како име и презиме, кој што треба да ги поддржи Предлог-измените, на Нацрт-измените на Уставот.

Тоа особено ќе го кажам за амандманот број IV заради тоа што тој ниту нуди ниту зема, ниту додава некому некакви права, туку единствено зборува за историјата на овој народ и зборува за вековната желба да се има сопствена држава, така што ние со еден амандман кој што не влегува во легистлативата сакаме комплетно да ја одземеме историјата, нешто што реков апсолутно, веројатно некому ни на сон не му паѓа на памет, а не на нас како претставници на народот тоа да го измениме.

Второ, морам да кажам, овде зборувам во мое лично име дека се чувствувам измамена што седницата за референдумот во кој што својата одговорност сакав да ја поделам со одговорноста во име на народот, без оглед каков ќе биде исходот на референдумот, дали ќе биде позитивен или негативен, сепак, ние разговараме во процедурата, сакав да дадам шанса на сите нас да зборуваме, а со ова е суспендирана и таа можност, бидејќи во овој случај дури и да го изгласаме референдумот тој ќе има само морална димензија односно ќе има можност понатаму да ни каже дали сакате или не сакате, ако истиот се изгласа, да го почитувате мислењето. Според тоа, не мислам да ја прифатам оваа измена и дека имам мандат за тоа од народот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Ве молам да гласаме.

За збор се јави г. Тодоров Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани дами и господа пратеници, почитуван претседателе, пред да гласам сакам да кажам како ќе гласам и зошто ќе гласам. Денес уште еднаш од оваа говорница, почитувани колеги пратеници, пред вас и пред целокупната македонска јавност ќе повторам, луѓето не треба да ги цениме по тоа како се декларираат т.е. што зборуваат, туку по тоа што прават односно што чинат. Имено, пред некој ден кога се водеше расправа по предлог-иницијативата за промена на Уставот како производ од Рамковниот договор, зошто производ Рамковен договор, затоа што самата иницијатива за промена на Уставот на Република Македонија не е производ на една демократска

опсервација согласно одредбите на Уставот член 130, туку е производ на вооружено насилство од страна на едно малцинство врз мнозинскиот Македонски народ како етнос. Нација, во овој случај, албанското малцинство.

Од оваа говорница пред целата македонска јавност, господа пратеници од ДПМНЕ гласно зборувавте против предлог-иницијативата за промена на Уставот. Да не речам дека фрлавте со дрва и камења против истата, а на самиот чин на гласањето се случи чудо. Зошто чудо? Чудо, затоа што ако бевте принципиелни и правилно да кажам вистински патриоти ќе постапевте како секој лојален граѓанин на Република Македонија. Не затоа што јас така сакам, туку затоа што самите така јавно се деклариравте, при што се наметнува прашањето дали знаете што направивте тогаш. Јас добро сум убеден дека не знаете, па еве ќе ве потсетам. Јавно ги излажавте вашите гласачи, симпатизери и севкупната македонска јавност која ве следи пред малите екрани. Зарем заборавивте на тоа дека македонската јавност будно ја следи и анализира секоја наша седница, за да во иднина на наредните избори добро да размисли за кого ќе гласа, односно на кого ќе му ја даде довербата да ја води македонската нација во посигурна и подобра иднина. Но, за сите граѓани на Република Македонија, а не само за потесните партиски кланови и пулени. Демократијата ја создаваат луѓето, а не затемнетите мозоци на нивните водачи, кои вршат насилство на демократијата. Силата на демократијата е во тоа што треба да ги насочува водачите не во име на народот, туку заради народот да постигнуваат дострели рамни на потребите на современиот свет. Но, во позитивна смисла за сите граѓани на државата во која живеат, во конкретниот случај тоа е Република Македонија. Современиот свет не претпочита насилство за остварување на политички цели. Но, за жал, во нашиот пример како лош патоказ се уважува остварувањето на политички цели низ насилство со оружје, вооружена револуција, како што некои од колегите македонски албанци сакаат да не убедат. Доктрина, од која демократскиот свет се згрозува, гледајќи ги последиците на целата земјина топка од неа.

Уште еднаш од оваа говорница ќе повторам дека замене овој Рамковен договор е делегитимен, бидејќи е производ на терористи во Република Македонија, односно производ на вооружено насилство врз суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонската нација и најголемиот некролог за Македонскиот народ и сите граѓани во Република Македонија. Тоа значи дека јас треба сам да се избришам како македонец во Уставот на својата матична татковина Македонија. За мене ова е надвор од здравиот ум. Имајќи го ова предвид сум против Рамковниот договор и против промена на Уставот на Република Македонија. Односно, како Ѓорѓи Тодоров, како народен пратеник не поддржувам никаква иницијатива со која ќе се избрише Македонскиот народ и етнос како нација. Затоа, гласав против иницијативата за промена на Уставот и сега ќе гласам против усвојување на овој амандман. Апелирам до сите пратеници, македонци без разлика на малцинската припадност, доколку се лојални граѓани на оваа наша македонска заедничка држава, а посебно кон пратениците Македонци, да не гласаат против сопственото самоуништување, бидејќи власта произлегува од Македонскиот народ. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас сакам да се изјаснам по гласањето за преамбулата, ова што е за промена на преамбулата по амандманот број IV, затоа што јас вчера добро се изјаснив дека нема да го поддржам, бидејќи овој амандман кој се состои со промена на Уставот на Република Македонија, затоа што не погодува директно нас националностите во Република Македонија. Ние бевме признати како националност, сите националности ромите и другите националности и сметам дека тоа не е правилно. Никој го нема правото и овој Рамковен договор кои го имаат потпишано не го признавам за легитимен, затоа што го потпишале четворица кои немаат никакво право да го потпишат во име на сите граѓани на Република Македонија, и во име на нас сите парламентарни партии, на сите лидери во Парламентот. Значи, ова апсолутно не го признавам ни Рамковниот договор и нема да гласам, затоа што тоа е штетна работа за нас во Република Македонија, не може за некого да биде татко некој, а за некого очув. Јас вчера тоа добро го кажав, значи со тоа се создава немир во Република Македонија, еден голем немир, затоа што од една страна го гасите оганот, а од друга страна ќе се запали. Мислам дека тоа не е реално, нормално и апелирам до

сите пратеници ова да го сфатат многу сериозно, затоа што се работи за голема работа, за еден голем немир во Република Македонија. Нормално, сите сме граѓани од прв ред, а не сме од прв, втор, трет или четврт ред, да се создава во Република Македонија. Со тоа, мислам дека ќе биде многу штетно во Република Македонија, и сметам дека во интерес на Република Македонија, за мирот во Република Македонија да си остане Уставот и преамбулата, да си останеме како што бевме во Уставот сите националности и сите народи во Република Македонија. Со другото, апсолутно не се согласувам и мислам дека тоа ќе се земе предвид, затоа што не можам да поддржам во Република Македонија вакво нешто. Јас си го бранам своето право. Јас сум единствен пратеник на сите националности во Република Македонија, затоа што овде не постои друга националност, нема присутен пратеник и ги застапувам сите националности кои треба да се избришат од Република Македонија. Еве ги тука се стигнати денеска сите факсови и од сите има поддршка, затоа што не се согласуваат и даваат полна поддршка, јас апсолутно да не гласам и да го кажам нивното право, г. претседателе. Со тоа, мислам дека јасно и гласно во Република Македонија од прв, втор, трет, четврт ред, немојте да не правите граѓани, ние треба рамноправни да бидеме во Република Македонија сите националности и сите граѓани во Република Македонија. Значи, со тоа се прави голем немир, немојте другите националности да не ставате во една лоша ситуација, фактички да бидеме ние неграѓани на Република Македонија. Со тоа ни го одземате правото да ја напуштиме државата. Каде ќе одиме и во која држава? Кажете каде да бараме право? Значи, ова нема да го поддржам и апсолутно нема да гласам и не го признавам Рамковниот договор за валидан. Апсолутно ни претседателот овој амандман што го дал и што го прифатил, затоа што за некого станал татко, а за некого очув. Тоа не може да биде и мора да са преиспита и повтори да се врати како што треба. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратаници, ќе гласам против од повеќе аспекти.

Првиот аспект е тоа што се бриша преамбулата и Македонскиот народ.

Вториот е ченот 19 од Уставот на Рапублика Македонија каде што Црквата се видоизместува.

Третиот момент е тоа што до ден денеска никој не ме увери дека ова ќа значи мир во Република Македонија. И, она што беше пресудно тоа а кога моите мали деца рекоа подобро да не се враќаш жив, тоа значи подобро да умреш, а да се умре за децата и за државата не е страшна работа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Сакам да кажам дека ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван г. претседателе, почитувани колеги пратеници, јас колку што се сеќавам ова ќе биде прво изјаснување, прво користење на деловничкото право за изјаснување како ќа гласам. Ова процедурално право не сум го користел до сега, маѓутоа, значењето на оваа точка и она што се случува со усвојувањето и за разговор на амандманот IV, односно новата преамбула без сингтагмата Макадонски народ, мислам дека е навредливо за голем број од граѓаните на Република Македонија, експеримент без сличен пример во светот и невиден пример на самоуништување на еден народ и самобришење на еден народ, без полза за никого, бидејќи не произведува никаква правна полза во иднина за никого, никаква рамноправност, ниту друга фраза која се употребува за да се избрише овој народ. Со ваквиот чин на гласање ние продуцираме нова идна нестабилност во Република Македонија. Огромно незадоволство кај најголем број на граѓаните на Република Македонија, кое незадоволство може да, заедно со другите проблеми во Република Македонија може да продуцира идни несакани последици за опстојувањето во Република Македонија и за она што сакаме да го направима, односно една релаксирана атмосфера во РМ.

Кои се дилемите за, сепак, сите оние што ќе гласаат за, сметам дека превземаат врз себе голема одговорност да направат еден судар со минатото на

Македонија, со големата историја на Република Македонија, судир со сегашноста, која не е само одговорност, туку е вистински судар и судар со она што го мислат за иднината Република Македонија, судар со идните генерации кои ќе дадат коментар за еден ваков чин. Посебно, тежината е врз Македонците, меѓутоа, не е помала тежината и врз албанците, врз албанските пратеници, бидејќи тие можеби ќе остварат нешто што мислат дека сакаат да остварат, но вкупната атмосфера која ќе ја остварат и довербата кај населението со кое треба да живеат понатаму во заедничката држава, ќе има трагични последици за нивните идни добри намери кон тоа население. Затоа, треба да размислат токму за овој амандман број IV, бидејќи со него ништо не добиваат, а му донесуваат само чувство на Македонскиот народ дека тие сепак во себе носат, со гласањето на овој амандман, македонофобија, ништо повеќе не добиваат, односно ја потенцираат македонофобијата во својата средина. Воздржаните, верувам дека ќе ги нема, бидејќи тие се еднакви на оние што ќе, не верувам дека некој за вакво прашање може да нема став, а оние што ќе гласаат против мислам дека нема да скратат ни од Рамковниот договор, нема да ги скратат ни понатамошните разговори, дури отвораат поле повторно да се разговара за нормативниот дел. Меѓутоа, со ставањето во разговор на овој дел кој не е ни нормативен, кој е симболичен, но длабоко врежан во историјата, во битието на нашиот народ е значаен.

Затоа, едно ќе кажам, можеби овој амандман IV ќе помине во оваа фаза, ние ќе имаме предлози тогаш во другата фаза, меѓутоа, јас сметам дека не треба да помине и ги повикувам посебно пратениците кои се изјаснуваат толку жестоко силно од говорницата дека ќе бидат против, ако нивната партија овој амандман го поддржи за, воопшто не се сложувам со г. Црвенковски дека тие треба да го сменат лидерот. Тие треба да си заминат од таква партија, бидејќи се разидуваат со темелните принципи, заради кои се бидува во една партија. А, темелни принципи се размислувањата за народ, за уредување на држава и за другите важни делови околу уредувањето на државата. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога некој ќе земе збор, треба да објасни зошто тој нема да гласа, а не треба да објаснува зошто другите и како треба да гласаат. Тоа право никој го нема, ни претседателот нема право да му кажува на некој како ќе гласа.Процедурално се јавува Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван г. претседателе, јас ја прифаќам оваа ваша процедурална забелешка и навистина сте во право можеби, меѓутоа, вашите процедурални забелешки треба да се принципиелни. Вчера имаше тешки навреди на пратеници овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам престанете и исклучете го. Што било вчера и завчера нема врска тоа сега, требало тогаш да интервенирате.

За збор се јави г. Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Јас ќе гласам против овој Рамковен договор. Тоа јас го кажав и во мојата дискусија. Меѓутоа, сакам кратко да кажам зошто ќе гласам против.

Ќе гласам против затоа што со овие Нацрт амандмани се врши историско обезличување на Македонскиот народ и Македонската држава. Затоа што со овие Нацрт амандмани целосно е загрозен националниот и културниот идентитет на нашата држава. И на крајот од денес Македонската држава престанува да биде матична држава на Македонскиот народ. Јас не сакам да учествувам во гласање кога Македонскиот народ го изгубил најпрвин името, потоа знамете, а на крајот сега и Уставот.

Јас ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално за господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Морам да разјаснам некои работи. Очигледно г. Батковски не е во тек, или не сака да биде во тек. Ова е Нацрт фаза, ова е првата фаза и не се става печат на судбината на Македонија. Тоа мора јасно да го кажете. Така да лошо е пред македонската јавност таквите работи да се наметнуваат, затоа што се доведува во заблуда Македонскиот народ.

Мојот личен став го кажав вчера, нема потреба да го повторувам. Останувам на истиот став, не морам овде да излегувам и јавно да кажувам како ќе гласам. Ќе си има листа, ќе се види. Ве молам ова е втора фаза, после доаѓа предлог, па после тоа се гласа со 81 пратеник. Така да не се става печат на судбината на Македонија. Тоа сакав да го кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега утврдуваме Нацрт, ќе оди на јавна расправа, па ќе оди во трета фаза, повторно на Собранието.

Има збор господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани новинари, секој пратеник има право да размислува со сопствен ум и според тоа немам намера апсолутно никого да провоцирам, ниту сакам некого да тероризирам да гласа за или против. Меѓутоа, ценејќи го моето сопствено искуство во овој Парламент, втор мандат и влегувајќи во една политичка игра од 1990 година, имав една голема љубов, која љубов не морам и овде да ја исповедам. Меѓутоа, мислам дека со дел од овие амандмани ми се нарушува и токму затоа ќе гласам против.

Меѓутоа, од името на граѓаните од Битола каде што одржав повеќе средби и разговори, го имам тоа чувство и таа одговорност да им кажам дека немам толку моќ, толку сила и толку политички авторитет да разубедам дел од сите пратеници во ова Собрание за да гласаат за одредени амандмани против. Јас навистина се извинувам, меѓутоа во оваа прилика немам друго оружје освен копчето со кое треба да го дадам својот глас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има госпоѓа Диспина Марковска.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас како пратеник од Изборна единица број 1, што ја сочинуваат три општини Берово, Пехчево и Блатец, немам легитимитет ниту мандат да гласам за овој амандман, бидејќи ниту јас самата, ниту моите граѓани не се согласни да се брише македонскиот народ и да се губи неговиот идентитет. Затоа ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Вчера во паузата, после мојата дискусија овде, еден од колегите пратеници албанци ми кажа дека сум зборувал доста емотивно. Овој пат ќе се обидам да не бидам емотивен, но емоциите се дел од животот и составен дел од чувствата.

Сакам да кажам дека ќе гласам против.

Во првото мое изјаснување, во врска со иницијативата за започнување на уставните промени во Република Македонија, кажав дека оваа иницијатива ќе ја следам само до оној момент додека сум сигурен дека со моето учество, позитивно или негативно, нема да му нанесам штета на сопствениот народ. Од овој момент сум сигурен во второто и заради тоа ќе гласам против. Тоа е мое право.

Во исто време се обраќам до сите пратеници уште еднаш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може така. Не може да се обракаш ти кон другите пратеници. Ова е притисок.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Не сакам да бидам сватен како да вршам притисок кон некого. Тоа е моето лично мислење. Се извинувам господине претседателе.

Сметам дека само со измената на преамбулата во Македонија се воведува еден многу лош принцип на т.н. негативна дискриминација и нека ми прости Македонскиот народ, доколку со моето гласање против ќе предизвикам негативни последици. Но не можам поинаку да направам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. После серија изјаснувања за тоа како ќе се изјаснуваат одделни пратеници во однос на прашањето на утврдувањето на Нацрт текстот на амандманите на Уставот на Република Македонија, сметам дека не е сувишно и јас да земам збор и да се произнесам накратко за ова прашање.

Чувствувам потреба уште еднаш да кажам дека се наоѓаме во еден многу деликатен и чувствителен момент. Чувствувам за потреба да кажам дека Република Македонија се наоѓа на еден крстопат од кој има шанси и добри изгледи да излезе од осум месечната криза.

Свесен сум за тежината на проблемот и материјата која ја расправаме, свесен сум и за тежината и одговорноста што секој пратеник ќе ја носи кога треба да се изјаснува за промена на Уставот на државата, чии државјанин и пратеник е. Но свесен сум исто таќа дека сме исправени

пред една многу голема одговорност, можеби судбоносна за сите нас, не делејќи ги граѓаните по етничка, верска или било каква друга припадност. Можеби сите исправени сме пред одговорноста за судбината на оваа земја во која и во чие име се колнеме цело време. Исправени сме пред одговорноста да излеземе од оваа криза и барем да се обидеме да создадеме простор во кој ќе изградиме односи каде секој граѓанин ќе се чувствува подобар, порелаксиран, порамноправен и побезбеден. Тие што ќе гласаат за, иако ова не е конечната фаза за изјаснување и амандманите не се усвојуваат денес, како што впрочем и еден од пратениците објасни што значи утврдување на Нацрт амандмани, сепак и денешното изјаснување за, сите тие пратеници барем ќе имаат чиста совест пред себе и пред граѓаните што ги претставуваат, ако ништо друго барем дека направиле напор да се промени нешто за да се стопира оваа ситуација во која се наоѓаме. Ќе имаат чиста совест пред себе и пред граѓаните дека барем со своето искажување се во дослух со апелите на сите лидери на Меѓународната заедница, почнувајќи од господинот Буш па до господинот Путин, ќе бидат во дослух со сите апели на граѓаните дека Македонија има право да живее во мир. Во име на тој мир и таа стабилност, во име на перспективата на сите граѓани и на Република Македонија, во име на интеграција во евроатланските структури и во име на поддршката на Меѓународната заедница која безрезервно му ја дава на овој Рамковен договор, ве повикувам да гласаме за и да му дадеме шанса на обидот за излез од кризата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас нема да го поддржам амандманот IV односно Нацрт текстот. Причините се доволно изнесени. Овој пат само сакам да додадам дека мене не ми одговара ни календарската рамка, не само Рамковниот договор. Имено неговото потпишување, во предвечерието на Богородичните пости, а еве и денешното гласање токму на празникот Рожество на Пресвета Богородица, за мене е длабок пораз, а мислам дека и традицијата која тука настанала, почнувајќи од школата на Свети Климент Охридски и Наум, исто така на овој начин се гази.

Можам да посведочам дека врз мене никој не врши притисок. Можам да посведочам дека не сум уценувам, дека не станува збор за некоја позадина која мене би ме мотивирала во еден или друг правец. Јас сакам ова изјаснување да остане како такво забележано, а ќе ги користам сите инструменти што ми стојат на располагање, да уточнам каква била ситуацијата кај секого од нас овде поединечно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Почиитувани пратеници, го користам моето право, а воедно и од името на мојата партија Вистинска Македонска Реформска Опција да кажам како ќе гласаме и добро е што сите овде, во голем број се изјаснуваат, бидејќи според мене ова е и најважно гласање што го имавме во овој пратенички состав.

Ние ќе гласаме против, следствено на неколку месеци прокламираните наши ставови. Бевме против и да се влезе во процедурата за промена на Уставот, од овие причини: Македонија е во војна, не ја контролира својата територија, не се извршени уставните надлежности на Врховниот командант, на Армијата и на Полицијата и овие промени не можат да настанат во ова време.

Свесни сме дека Уставот како и секој правен акт, не е совршен и може да претрпи измени, но не во вакви услови, минимум шест месеци мирна состојба и со мирна процедура во Парламентот, а не наметнат од страна. Нашите ставови ги кажавме во изминатите денови, во нашите излагања и им препорачувам на сите оние што се залагаат за референдум да не го ставаат народот пред некоја тешка одлука, бидејќи одлуката веќе е донесена. Македонскиот народ сака да опстане и ваква фаза каде што му се нуди да го нема, за нас е навреда. Поради тоа ќе гласаме против. И бидејќи има, дефинитивно разлика помеѓу она што се гласа и она што јавно се декларира, ние не веруваме во техниката во Собранието и бараме однапред ова изјаснување да биде јавно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам овде да појаснам некои работи, овде гласањето сега се изведува и утврден е текстот на Нацрт-амандманот ако добие 61 глас.

Според тоа сега не се усвојуваат амандманите, туку се утврдуваат

текстовите на амандманите кои ќе одат на јавна расправа, по ваквите контраверзни прашања да може пошироко да се каже, да слушнеме ние и научни работници, јавни работници, да слушнеме локална самоуправа, да ги слушнеме сите. Според тоа работите стојат вака: ние сега не усвојуваме амандмани. Затоа се потребни сега, во оваа фаза, да не сме ја испиле ние целата мудрост, и на другите да им дадеме можност да кажат по овие прашања кои ги сметаме и контраверзни. Треба, барем на овој начин како со Уставот е предвидено, да ги упатиме овие нацрти што ни се овде испратени на јавна расправа, па да слушнеме и што мислат новинари, што мислат редакциите, што мислам невладини организации, што мислат политички организации, што мислат јавни работници, научни работници, граѓани итн. Тоа е сега тоа што го работиме.

Има збор господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани колеги, јас зборував за ова прашање 30-тина минути, кога ја усвојувавме иницијативата за промена на Уставот, заради сите познати причини што ги знае речиси и целокупната македонска јавност. На тие аргументи, од тој ден, покрај сета оваа расправа што ја имавме, темпераментна, емотивна, немам ништо посебно да додадам. Го имам истото мислење што го изнесов на седницата при покренувањето на иницијативата за промена на Уставот. Овие два дена покажаа дека најчувствителната точка, најемотивната, прашање на кое имавме еруптивни изјави, можам да речам восхитувачки емотивни говори за патриотизмот во Република Македонија, говори кои што не се повторуваат секој ден, со таков интензитет на емоција, со такво чувство на загриженост како што многу овде колеги пратеници покажаа, иако, да речеме јас секогаш говорам пред да дојде до таква потреба. За такви емотивни, длабоко искрени, се разбира говори треба многу пред тоа да се работи, многу пред тоа да се предупредува, за да не доаѓаме до такви ситуации кога ни се раскинуваат, да речеме, еве, срцата, според самите изјави на многу пратеници.

Се покажа дека најголемиот проблем е преамбулата на Уставот на Република Македонија, за некој се е проблем, се разбира. Но од дискусијата произлезе дека тоа прашање е централното прашање, да се биде или да не се биде Република Македонија, што се разбира е крајно дисккутабилно и за тоа може да се дискутира со аргументи и без аргументи, со емоции и без емоции, и секој има право тоа така да го чувствува, затоа што категориите на емотивноста се категории на емотивност, категориите на личната припадност, како чувство на припадност, се една работа, правните категории и правните импликации се нешто сосема друго. И бидејќи тоа прашање се покажа како камен на сопнување, а може, од ова што досега го слушавме да се појави и како камен кој може да го обори постигнатиот договор на лидерите и може да се покаже како прашање кое може да го минира мировниот процес во кој вложува денес Република Македонија и Меѓународната заедница.

Бидејќи претседателот објаснува дека овде е само утврдување на текст кој ќе оди на јавна расправа, тоа значи дека сеуште постои многу простор да се размислува и да се дискутира и ако има добра волја, како што и Никола Поповски зборуваше, да се поразмисли уште за ова прашање, сите страни добро да промислат, што навистина некој губи ако има поинаква формулација и што навистина некој нешто добива, или ништо не добива ако има поинаква формулација.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И во таа прилика јас сакам да кажам дека ова прашање и натаму е отворено и за мене и сакам да ги повикам исто така колегите албанци особено во врска со ова прашање, имајќи ја предвид сета чувствителност кај македонците, а заради што тие ништо не губат, уште овие денови до последната фаза кога дефинитивно ќе се усвојуваат амандманите на Уставот да се поразмисли дали може да се најде друго решение кое што ќе внесе многу поголема доверба и многу поголем мир. Во таа смисла овде беа изнесени повеќе примери, ми се чини од господинот Стојменов на преамбули од други устави. Бидејќи многу луѓе ги посочуваат на пример американскиот Устав и се повикуваат како американската нација еве формулира некои прашања и.тн. Беа спомнувани и други преамбули и во најголемиот дел од тие што Стојменов ги прочита беше употребен терминот: народот на Америка, народот на Германија. Може да се употреби терминот: народот на Македонија. Некои и тоа нема да сакаат да го прифатат. Значи, има некои прашања кои што можат поинаку со поголемо разбирање да се напишат, но за тоа треба да продолжи дискусијата.

Колеги, уште еднаш сакам да кажам, нема шанси ако се дефинира како

бинационална држава, ако се инсистира на концептот бинационална, тринационална, усвојувањето на Уставот ќе биде бадијала, промените и ние понатаму ќе имаме повеќе проблеми. Ако се гради концепт како овој во оваа смисла, ние американскиот народ, ние народот на Македонија, ние народот на Америка и.тн., имаме шанси да градиме нација, држава. Да употребиме народ не во смисла етност, туку во смисла на демос. Оние што искрено сакаат тоа да го направат, може во таа смисла. Бидејќи првиот пат зборував условно, првиот пат реков условно ќе ја поддржам иницијативата. Мојата условеност за гласањето на овој текст останува, затоа што не сме дошле уште до крајот и затоа што треба уште некои работи да се исправат. Таа условеност за последниот пат како јас дефинитивно ќе гласам ќе зависи и од она што сега го велам и од она што го реков минатиот пат. А тогаш реков дека ќе гласам, ќе поддржам иницијатива за промени ако враќањето на луѓето се оствари веднаш пред дефинитивното усвојување. Ќе сакам да чујам пред дефинитивното гласање, тоа сакам да го чуе Владата на Република Македонија, претседателот, дали пред дефинитивното гласање за Уставот ќе се вратат сите граѓани во своите живеалишта. Колку куќи ќе бидат изградени, обновени и дали ќе се вратат безбедносните сили на т.н. привремено окупирани територии. Значи моето дефинитивно гласање ќе зависи од сето тоа, а и сега од мене овој договор има условна поддршка, не по овој член, генерално условна поддршка. Дефинитивното гласање ќе зависи од сето ова што го зборував минатиот пат и го повторувам уште еднаш за да бидеме на јасно и сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде има уште неколку пријавени. Јас на сите им кажувам, максимум дозволено време е пет минути, ништо повеќе. И друго, да се задржите само да објасните како ќе гласате. Сега немаме отварање на расправа. Расправата заврши.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Само неколку збора господине претседателе, да го искористам моето деловничко право и да кажам како ќе гласам. Да речеме дека јас сум еден од оние што го поддржува Рамковниот договор. По професија сум доктор, хуманист, значи сум за мир. Но, да извршам самоубиство не би можел. Не можам да се избришам како Македонец и не можам да ја избришам црквата. Тоа не можам. Сакам да кажам дека ќе гласам против четвртиот и против седмиот амандман.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, дозволете ми да кажам зошто ќе гласам за Нацртот на овој амандман и истовремено да изразам големо разбирање за сите оние кои емотивно се возбудени во врска со овој амандман. Сакам само сите да ги потсетам во оваа сала, дека македонскиот народ е историска категорија. Македонците се библиски народ, македонците не станаа македонци и не станаа македонски народ со тоа што беа запишани во Уставот, македонскиот народ и македонците нема да бидат избришани и нема да го изгубат својот национален идентитет, независно од тоа што ќе пишува во Уставот. Меѓутоа, независно од тоа, затоа сите говори кои што говорат дека со ова и со некаков чин дека се брише македонскиот народ, македонското име, македонците, македонскиот национален идентитет, апсолутно не се во право. Јас се сложувам дека можеби текстот на овој амандман не е најсовршен, можеби текстот на овој амандман не е таков како што го посакуваме. Меѓутоа, сакам само да ве потсетам дека вистина во овој амандман меѓу другото стои дека градиме држава која се темели пред се на традициите на Крушевската Република, на традициите на АСНОМ во кои што се запишани темелите на овој народ и на оваа држава и на волјата изразена на референдумот од 1991 година. Јас сакам само уште еднаш да потсетам, дека ова е само Нацрт кој што денеска го усвојуваме и за кој што по усвојувањето на овој нацрт на амандман се отвора и јавна расправа во која што имам можности да се разговара и за некое подобро решение. Од таму да му дадеме можност на мировниот процес во Македонија, да му дадеме можност на една смирена и демократска расправа за она што ќе биде финален текст на овие амандмани, да го поддржиме овој Нацрт-амандман и да бидеме убедени дека секој од нас во мислите, во умот и во срцето го има тоа со овие уставни измени да биде зачувано името на македонскиот народ и достоинството на македонците и македонскиот национален идентитет и достоинство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш, денес ништо не усвојуваме, само утврдуваме. Не усвојуваме ништо.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денеска ние сме исправени пред една одлука за иницијатива за промена на Уставот. Иако цело време не учествував во расправата користам деловничко право да кажам како ќе гласам. Ќе гласам за овој амандман и за сите амандмани не дека сум убеден дека е најдоброто решение, не дека сум убеден дека албанците ги добија сите права и сите можности, не дека сум убеден дека дефинитивно албанците го решија своето прашање. Но, реалноста е тоа што прифатив сите овие прашања да ги решаваме преку консензус, а кехнсензусот, многу добро стоеше во една карикатура во Брисел. Тоа значи сите ние земаме големи корпи и носиме на дестилирање и на крајот сите земавме подеднакво малку. Така што ако некој земаше малку, сите ние земавме малку, односно не земавме толку колку што однесовме. Според тоа, ако прифатевме проблемите да ги решаваме со дијалог и консензус, тоа значи дека сите по нешто ќе изгубиме, сите по нешто ќе добиеме. Албанците сигурно јас кога би ги прашал одредени категории дали да гласам за, би ми рекле, не. Има милион причини зошто да не гласам за. Но, овој пат јас се одлучив да гласам за, да гласам за просперитет, да гласам за подобра иднина и со надеж дека ќе дојде мирот и просперитетот во Република Македонија.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, јас не можам да ги поддржам овие Нацрт-амандмани и со чиста совест ќе гласам против ова и сите наредни фази што следуваат, бидејќи не можам да се избришам самиот себеси, македонскиот народ и идните поколенија во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Ве молам да гласаме. - Ве молам вклучете го системот за гласање.

Од вкупно 104 пратеници 62 пратеника гласале за, двајца пратеници се воздржале од гласање и 40 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

(Пратениците од ВМРО-Вистинска реагираат од место).

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Барам процедурално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Какво процедурално? Нема процедурално.

(Пратениците од ВМРО-Вистинска реагираат од место).

Не е тоа процедурално. Вие нешто барате, ама тоа што го барате незнаете да го кажете. Нема процедурално.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот V на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Не може така. Ние имаме јасна деловничка одредба, ако се изрази сомнеж.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама треба некој да каже, изразувам сомнеж, а не да бара деловничка интервенција. Тоа не е тоа. Процедурално е сосема друга работа. Вие требаше да кажете дека се сомневате во гласањето.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Треба да го почитувате Деловникот. Вие не го почитувате Деловникот.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас барам деловнички да интервенирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може. Сега завршивме. Поминавме на друго.

Минуваме на гласање по текстот на Нацртот на амандманот V на Уставот на Република Македонија.

Ве молам да гласаме.

Текстот на Нацртот на амандманот V на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Притоа сакам уште нешто да ви објаснам. Правите непотребно драми овде. Ако некој бара процедурално ќе си добие одкога тоа што е веќе претресено, завршено и готово. Вие барате процедурално. Ако сакате нешто да кажете, можете да кажете. А ако некој бара дека се сомнева во гласањето, веројатно вие тоа сте сакале, се сомневата, се вика веднаш дека се сомневате, а не процедурално барате. Процедурално не се дава тогаш.

Господинот Бошков вели дека барал, а го нема воопшто, овде не се пријавил.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Господине претседателе ова денеска што го направивте не личи на демократија во Република Македонија. Ние ги вклучивме на време нашите копчиња овде, ви не гледате на екранот. Бараме процедурално затоа што се сомневавме во гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е процедурално.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Како не е процедурално?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа нема врска со процедурално. Тоа не е приговор процедурален.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Вие се однесувате како да се наоѓате дома човече. Не сте дома.

Барам поддршка од 10 пратеници, се сомневаме во гласањето.

Бараме поединечно гласање.. за амандманот IV.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да го слушнеме господинот Ѓорѓи Тодоров како ќе гласа и зошто така ќе гласа.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Јас барам поддршка од 10 пратеници, бидејќи се сомневаме во гласањето по амандманот IV.

Ова е срам за Македонија. Го повикувам македонскиот народ да дојде и да си ја земе судбината во свои раце. Ова што го правите вие го нема никаде. Дома можете така да се однесувате. Ова е Парламент. Колку вие имате право во овој Парламент, толку имам и јас право. На што личи ова? Ова е срамота, засрамете се. Да ви е срам утре да излезете во македонската јавност. Ќе ве казни овој македонски народ, да знаете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш ќе ви кажам. Ние сме рамноправни како пратеници, но еден мора да ја води седницата и тој има одредени овластувања.

Вие имате пропишан начин кога што барате. И според тоа така е постапувано.

Кој бара да си каже како ќе гласа за амандманот V?

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа, ние тука присуствуваме на фалсификат. Нема да дозволиме да ни правите она што веќе го имате замислено.

Барам пауза од 30 минути како пратеничка група, да видиме дали воопшто да учествуваме во оваа фарса.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 30 минути. (Седницата прекина во 16,25 часот).

(Пауза од 16,25 до 17,20 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Во салата присуствуваат 97, сега 98 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Сакам прво нешто да се договориме. Овде настана еден спор и сакам да објаснам за таа работа и да се договориме. Јас видов дека креваа рака и бараа збор и ги прашав пратениците од пратеничката група на ВМРО-ВМРО што е. Тие велеја процедурално. Се разбира, за процедурално тука не се дава бзор. Тогаш можеше само ако изразат сомневање во исходот од гласањето. Тие тоа не го направија?

Мегутоа, морам да ви кажам дека тука е пропуст мој и на техниката. Истовремено, г-динот Јордан Бошков изразил сомневање и службите околу него виделе, ми кажаа луѓето дека навреме изразил сомневање во резултатот од гласањето, а техниката не му дозволила да се вклучи. Според тоа, тоа е на време направено.

Молам г-динот Јордан Бошков да се искаже дали е точно дека барал односно изразил сомневање во гласањето.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ако ме вклучите, ќе ви кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чекајте да го слушнеме него. Тој е пријавен овде.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Точно е, јас барав, сакам да изразам сомнеж за исходот од тоа гласање и тоа има резон да се направи тогаш. Јас и затоа истрчав напред и да ви појаснам вам дека сериозно сум на тоа гледиште. Меѓутоа, откако се разотидовме од сала, јас незнам како можеме ние да гласаме поименично, немаме гаранција дека тие што тогаш гласале се пак во салата. Идејата за поименично гласање е да се гласа во тој миг и да гласаат тие што се присутни, а не

да се менуваат луѓето, па евентуално поинакви ставови да изразат и кај поединците прво гласале, а и некои воопшто не гласале да влезат во салата.

Одтука, мислам дека сега и да сакаме немаме услови за поединечно гласање и незнам како, дали да го повлечам или што да направам. Но тоа е поминат рок да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, го повлекувате ли вие барањето?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Тоа се надмина само по себе, односно не само по себе, туку се надмина со текот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Ненад Ристовски бара збор.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г. Претседателе, дами и господа пратеници, го прифаќам извинувањето дека грешката била во техниката. Ако била грешката во техниката, мора да се врати постапката, бидејќи на време според процедурата и постапката баравме поединечно изјаснување по она што го гласавме.

Да ве потсетам, техниката често пати во ова Собрание може да откаже. Знаат луѓето да гласаат на еден начин, а техниката да покаже друго. Ние имавме едно гласање, кога беше законот за високо образование, кога Г. Батковски не ни беше во државата, а беше гласал за.

Тоа може да се провери. За да нема двојба по ова важно прашање како сме се изјасниле, барам да има јавно изјаснување, да не се криеме зад техниката, секој да си го каже својот глас, да нема никакви шпекулации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници што го поддржуваат овој предлог.

(Претседателот Стојан Андов и самиот ги брои пратениците кои креваат рака) - Има ли 10?

Сега поименично ли да ве повикувам за да видиме дали има или нема 10 пратеници. Таму има четири (покажува кон пратеничката група на ВМРО-ВМРО) и таму четири, тоа се осум. Се на се се осум пратеници, не се 10.

Г. Пранговски бара збор. Не крева рака. Немојте да ме зафркавате, дајте да работиме сериозно.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Г. претседателе, колеги пратеници, можеби е проблем во техниката на гласање, јас го кажав мојот личен став против пред саат време, овде во системот испаѓа дека не сум гласал. Сакам да кажам јавно дека немав време да интервенирам во меѓувреме, бараа колегите од ВМРО... (реакција).

Сакам да кажам јавно дека немав време да интервенирам после колешката Ѓулистана, изгледа беше проблем со мојата картичка и молам да се запише моето гласање против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не гласал, а сака против, сеедно е тоа, не е за.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Молам да се запише против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме систем кој функционира и кој бележи кој како да гласа. Сега ако почнеме секој сам да се исправа како сака, тоа е друга работа.

Имаше предлог за поединечно, именично гласање, не се прифати, треба 10 да бидат, беа 8. Според тоа нема ... (реагирање).

Готово, доста веќе, ве молам престанете.

Почитувани патеници, работиме многу важна, многу одговорна и многу тешка работа. Сите вие и ние и јас со вас сме на една голема одговорност и голем притисок. Огромен притисок. Јас ве разбирам вас дека по некогаш сте нервозни, понекога лути, понекогаш и уморни и излегувате, малку и се прошетувате. Јас сум нешто поодговорен што морам да седам овде цело време. Заморот делува на сите.

Јас сакам само да ве замолам во постапката да бидеме кооперативни, да работиме заедно, да помагаме да се истера работата, а. кај гласањето секој на време да се јави и да побара збор. Еве, сега ја истеравме таа постапка.

Преминуваме на следниоот амандман.

Текстот на Нацртот на амандмаонт V на Уставот на РМ го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 98 пратеници, од кои 62 гласале за, четири воздржано и 32 против.

Констатирам дека Собранието го утврди Нацртот на амандманот V на Уставот на РМ.

Сега да провериме дали има некоја интервенција?

Сега нема, никој не се јавува.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот VI на Уставот на РМ.

Молам кој бара збор? (никој).

Текстот на Нацртот на амандманот VI на Уставот на РМ го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно 94 пратеници од кои 62 за, воздржано седум и против 25.

Констатирам дека Собранието на РМ го утврди Нацртот на амандманот VI на Уставот на РМ.

Текстот на Нацртот амандманот VII на Уставот на РМ го ставам на гласање.

Сега имам право јас да кажам како ќе гласам.

Го користам Деловничкото право.

Овој амандман се однесува на членот 19 од Уставот каде што се менува одредбата за Македонската православна црква, значи се менува и се додава.

Овој член на Уставот 1991 год. многу долго го објаснувавме и е дојден после многу напори како да се формулира и така го усвоивме. Сите други амандмани се задржуваат и се зафаќаат со областа на меѓуетничките односи. Овој амандман нема непосредна и друга врска со меѓуетничките односи. Овој амандман овде е "улетан" во овој комплекс на амандмани и јас на пример нема да гласам овој амандман. Во друга прилика може други промени да правиме на Уставот, да ги разгледаме овие односи. За овој амандман нема да гласам.

Молам да гласаме. (По гласањето).

Гласале вкупно 97, од кои 60 гласале за, двајца воздржано и 35 против.

Констатирам дека Собранието на РМ не го утврди Нацртот на аманд...

(Некои пратеници извикуваат пауза). Молам? Повелете.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Пауза бараме од 1 час.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Давам пауза од 1 час.

(Паузата започна во 17,35 часот).

(По паузата седницата не продолжи).